# ОТВОРЕН ПОВИК
# ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА КОНСУЛТАНТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА РАЗВОЈ НА ДИГИТАЛНА ИЗВОЗНА ПЛАТФОРМА – EASY EXPORT

Бр.15-1390/1
05.12.2023 година

**ПРЕДМЕТ:**
**ОТВОРЕН ПОВИК ЗА АНГАЖИРАЊЕ НА КОНСУЛТАНТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ ЗА РАЗВОЈ НА ДИГИТАЛНА ИЗВОЗНА ПЛАТФОРМА – EASY EXPORT**

**Проект:** Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција/ Private Sector Regional Integration Support Activity имплементиран од Стопанската комора на Северна Македонија и поддржан (ко-финансиран) од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД) согласно Договор за соработка Бр. 72016522CA00001

**Проектна активност:** Изработка на брошура/директориум за извозни компании

**Цел:** Зголемување на конкурентноста на македонските компании и нивно подобро позиционирање во регионалните и глобалните синџири на снабдување

**Основ за остварување на активноста:** Договор
**Вид на активност:** Прибирање на податоци за развој на дигитална извозна платформа “EASY EXPORT”
**Времетраење на активноста:** Шест месеци

---

**Датум на објава на повикот:** 5.12.2023 година
**Краен рок за аплицирање:** 28.12.2023 година
**Рок на важност на апликацијата:** 90 дена

---

ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

1. Партнерска држава........................................................................2
2. Договорен орган..............................................................................2
3. Основни информации......................................................................2
4. Вид на постапка................................................................................2

АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ

1. Цел..................................................................................................3
2. Активности.......................................................................................3

БАРАЊА ЗА КАНДИДАТИТЕ

1. Критериуми за евалуација и избор на експерти............................ 3
2. Потребни документи за комплетна апликација...............................3

ОПШТИ ПОДАТОЦИ

## 1. Партнерска држава:
Северна Македонија

## 2. Договорен орган:
Стопанска комора на Северна Македонија
„Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје

Контакт лице:
*Билјана Пеева-Ѓуриќ, Проектен менаџер*
*Телефон: +389 2 3244 034*
*Е-адреса: biljana@mchamber.mk*

## 3. Основни информации:
Стопанската комора на Северна Македонија отпочна проект за поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција/ Private Sector Regional Integration Support Activity кофинансиран од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД).
Целта на проектот е да ја поддржи регионалната економска интеграција на бизнисот во Северна Македонија. Во насока на остварување на оваа цел и следење на промените во регионалното опкружување, УСАИД развива нови партнерства каде приватниот сектор е во фокусот и заедно со УСАИД има катализаторна улога да го поттикне проширувањето на регионалните и западните пазари.
Генералната констатација е дека македонските компании имаат ограничен пристап до информации поврзани со надворешно-трговското работење и пристап до информации за конкретни пазари, но и условите за влез на тие пазари, потребни за пласман на своите производи. Дополнително тие се соочуваат со ограничен пристап до контакти од соодветни институции и чинители кои се вклучени во процесот на трговска размена на ниво на поедничени земји/пазари.
Поради тоа, се наметнува потребата од обезбедување информации кои систематизирано ќе бидат достапни на едно место за извозно-ориентираните компании да можат брзо и ефикасно да се информираат. Овие податоци ќе бидат интегрален дел на Дигиталната извозна платформа – EASY EXPORT која ќе се испорача како проектна активност.

## 4. Вид на постапка:
Отворен јавен повик за прибирање апликации од заинтересирани консултанти објавен на веб страната на Стопанската комора на Северна Македонија
Изборот на консултанти ќе се врши во една фаза (без пре-селекција) од страна на Комисија за евалуација формирана во рамки на проектот согласно утврдените критериуми во овој повик и доставените апликации од страна на компаниите.

**Начин на аплицирање:**
Заинтересираните лица треба да аплицираат со изразување на интерес за ангажирање пополнување на следната изјава и достава на потребните документи наведени подолу во овој повик.
Изјавата за изразување на интерес за ангажирање, заедно со пропратната документација се доставуваат до контакт лицето м-р Ивана Анчев, администратор на проектот.
Контакт: е-адреса: ivana@mchamber.mk
Телефон: (0) 23 24 40 51

Апликантите ќе добијат повратна порака за успешно примена апликација од администраторот на проектот.

АКТИВНОСТИ И ЦЕЛИ

## 1. Активности

Прибирање на податоци за креирање на Дигиталната платформа за извоз – EASY EXPORT. Оваа платфрома е наменета за македонските извозни компании и истата треба да им овозможи корисни информации и податоци за нивниот настап на странски пазари. За таа цел е предвидено прибирање на податоци и информации поврзани со надворешната трговија и специфичности при настап на одредени пазари.

Податоците кои треба да бидат обезбедени се:

- Годишен календар на меѓународни саеми по сектори и земји
- Годишен календар на Б2Б настани и други промотивни настани поврзани со надворешна трговија и извоз
- Информации поврзани со ХС царински тарифи и други информации поврзани со царински стапки и нецарински бариери по одделни земји и сектори
- Информации поврзани со прашања од меѓународната трговија кои ги објавува Светската трговска организација (СТО), Светската царинска организација (СЦО), Меѓународниот центар за трговија (МЦТ), ЦЕФТА, УНКТАТ, КИФ 3Б6 и други релевантни меѓународни институции
- Информации за трговски брокери (царински посредници, кредитни и осигурителни компании, и други трговски поттикнувачи) по земји
- Трговска мапа и корисни информации за патување по земји

Структурата на прибрани податоци ќе биде договорена во заедничка координација со консултанската куќа која ќе биде селектирана за испорака на Дигиталната платформа за извоз – EASY EXPORT. Испораката на услугата ќе бара постојана комуникација и соработка со консултантската куќа која ќе ја испорача Дигиталната платформа за извоз.

За испорака на оваа активност предвидено е да се ангажираат 2 консултанти. Максималниот превиден буџет за реализација на оваа активност е 4.000 САД долари по консултант.

## 2. Цели

Прибирање на податоци за потребите на Дигиталната платформа “EASY EXPORT”

БАРАЊА ЗА АПЛИКАНТИТЕ

## 1. Критериуми за евалуација и избор на експерти

| Критериум | Бод |
|---|---|
| Степен на образование во соодветната област | 25 |
| План со соодветна методологија и временска рамка за испорака на услугата | 25 |
| Досегашно искуство на проекти од слична областа | 40 |
| **Финансиска понуда** | 10 |
| | 100 |

Во случај на ист број на освоени бодови во фазата на евалуација, предност ќе имаат лицата кои имаат активна соработка на Стопанската комора на Северна Македонија.

## 2. Потребни документи за комплетна апликација

- Изјава за интерс за ангажман
- План со соодветна методологија и временска рамка за испорака на услугата
- Диплома од завршено образование
- Биографија (CV) на лицето со листа на реферниц
- Финансиска понуда

*** Доставувањето на потребната документација е задолжително, за апликацијата да се смета за целосна.**

**Контакт информации:**
Адреса: „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје

Контакт лица


Билјана Пеева-Ѓуриќ, Проектен менаџер
Телефон: +389 2 3244 034
Мобилен: +389 72 236 710
Е-адреса: biljana@mchamber.mk

м-р Михајло Донев, Оперативен менаџер
Телефон: +389 2 3244 067
Мобилен: +389 75 295 062
Е-адреса: mihajlo@mchamber.mk